ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), и член 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка " бр. 08/10, 08/14 и 02/18 Советот на Општина Крива Паланка , на седницата одржана на 31.07. 2018 година, донесе

# ОДЛУКА

## за ослободување од плаќање на надоместок за привремено користење на јавна уредена градежна површина и комунална такса за поставување на подвижни објекти-тезги на локалитет на централен градски плоштад во Крива Паланка за период 24.08.2018 до 29.08.2018 година

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка ги ослободува барателите од плаќање на надоместок за привремено користење на јавна уредена градежна површина и комунална такса за поставување на подвижни објекти-тезги на централен градски плоштад во Крива Паланка во период од 24.08.2018 до 29.08.2018 година за време на манифестацијата празник на градот Св.Јоаким Осоговски .

Член 2

Издавањето за привремено користење на јавна уредена градежна површина за поставување на подвижни објекти-тезги на централениот градски плоштад во Крива Паланка ќе биде по доставено барање до Општина Крива Паланка на принцип први доставени барања први одобрени локации предвидени во скицата на локации за поставување на тезги која е прилог на одлуката .

Член 3

Одлуката за плаќање на закупнина и комунална такса предвидени во член 3 од Одлукта за утврдување на надомест за привремено користење на јавна уреден површина бр.09-1714/13 од 23.08.2017 година и член 2 тарифа 7 од Одлуката за изменување на Одлуката за комуналните такси на Општина Крива Паланка бр.07-1508/7 од 30.06.2008 година за поставување на подвижни објекти-тезги , нема да важи само за периодот од од 24.08.2018 до 29.08.2018 година .

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка ".

Бр. 09-
31.07 2018 година
Крива Паланка

Совет на Општина Крива Паланка
Претседател,
Изабела Павловска с.р

# СКИЦА НА ЛОКАЦИИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ТЕЗГИ

М=1:1000



## ПОВРШИНИ

| Р. бр. | П / м2 |
| --- | --- |
| 1 | 6.0 |
| 2 | 6.0 |
| 3 | 6.0 |
| 4 | 4.5 |
| 5 | 4.5 |
| 6 | 4.5 |
| 7 | 4.5 |
| 8 | 6.0 |
| 9 | 6.0 |
| 10 | 2.0 |
| 11 | 2.0 |
| 12 | 2.0 |
| 13 | 2.0 |
| 14 | 4.5 |
| 15 | 4.5 |
| 16 | 4.5 |
| 17 | 16.0 |
| 18 | 12.0 |
| 19 | 12.0 |
| 20 | 12.0 |
| 21 | 15.0 |
| 22 | 4.0 |
| 23 | 15.0 |
| 24 | 15.0 |
| 25 | 15.0 |
| 26 | 15.0 |
| 27 | 15.0 |
| 28 | 15.0 |
| 29 | 15.0 |
| 30 | 15.0 |

## НАПОМЕНА:

дадените површини се максимални
може помали а поголеми не може

Изготвил:
По овластување на Градоначалникот
дипл. Иан Велиновски

Одобрил:
Одделение за урбанизам, сообраќај
и заштита на животна средина
Раководител